РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-9615/5
03-04-2023 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 84-та седница одржана на 31.03.2023 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот со архивски број 12-9615/1 од 16.12.2022 година, оформен по доставена пријава за службените лица ....., ... при ..... и ....., ... при основен ....., **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај постапуваат надлежени органи.

Предметот со број 12-9615/1 од 16.12.2022 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 16.12.2022 година поднесена е пријава против ..... при ....., ... и против ..... при ....., ... во врска со Барање за утврдување на одговорност при донесување на ..... и оформен е предмет број 12-9615/1 од 16.12.2022 година.

Изнесените наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи на нестручно и несовесно извршување на ..... и ..... од страна на ....., ... при ..... и ....., ... во ..... при ....., а во врска со ....., каде осомничен е ..... кој бил огласен за виновен за сторено кривично дело ,,Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни субстанции и прекурсори" по член 215 став.1 од Кривичниот законик.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање информации до: Судски совет на РСМ и до Совет на јавни обвинители на РСМ.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

-Судски совет известува дека до нив е доставена ..... врз основа на предлог спогодба на ....., за утврдување на одговорност на ....., ... од ....., поднесено од лицето .....,..... Судски совет на РСМ не информира дека Согласно член 63 од нивниот закон каде е предвидено дека по добивање на барањето за утврдување на одговорност на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

судија или Претседател на Суд, Советот од членовите со право на глас по пат на ждрепка формира Комисија на известители и постапува во наредната седница по што Комисијата на известители ќе се произнесе согласно одредбата од член 63 од Законот на Судскиот Совет на РСМ.

-Советот на јавните обвинители на РСМ известува дека постапувајќи согласно своите законски надлежности од член 9 од Законот за советот на јавните обвинители, има превземено мерки за проверка на наводите од претставката, со тоа што согласно член 28 став 1 од Законот за јавното обвинителство од повисокото Јавно обвинителство било побарано да се изврши надзор над законитото постапување на ..... по наведениот конкретен предмет. По добивањето на соодветната информација од направениот надзорот до подносителот на претставката ќе биде доставено писмено известување.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за понатамошно постапување, постапува надлежен орган, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.О
Одобрил: С.П.Д, Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател,
Катица Николовска